**Владата планира грандиозно античко светилиште во центарот на Скопје**

Скулптура на Александар качен на Букефал треба да се вивне во облаците во центарот на градот и да не гледа од 34 метри, далеку повеќе од Ристиќевата палата!? Очекувајќи го славниот коњаник за кој се шпекулира дека е веќе излеан во Фиренца, нам ни останува да се надеваме дека скопскиот плоштад сепак нема да биде арена каде што власта ќе ги добива историските и политичките битки во годините што следат. ФОКУС истражува какви се споменици власта ќе постави во централното градско јадро и зошто Министерството за култура и општината ги кријат информациите за парите што ќе се потрошат за нивната изработка




# ОГРОМНА СКУЛПТУРА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ЌЕ ГО ЈАВНЕ СКОПСКИОТ ПЛОШТАД

**Пишуваат**

**Адријана ГЕОРГИЕВ**
**Зоран ДИМИТРОВСКИ**

Проектот на Владата за поставување споменици во централното градско подрачје во Скопје е најстрого чувана тајна во државата. Сите обиди на јавноста и новинарите да добијат детални податоци од Општина Центар, како и од Министерството за култура за најавеното историско уметничко преуредување на плоштадот 'Македонија' и неговата блиска околина, завршуваат со бирократски одговори, посочување на членови од законот, цитирање на одлуки на Советот на Општината, редење безлични и стереотипни фрази од надлежните. Откако Министерството за култура и' подари 9 милиони евра на општината, пари што треба да се потрошат за изградба на спомениците во наредниот период, Центар нема објавено сеопфатни резултати од распишаните конкурси за идејно решение, ниту пак во јавноста е презентирана макета на кое место би биле поставени големите скулптури кои веќе се изработуваат од неколкумина македонски уметници. Во општината пет пари не даваат што јавната презентација на избраните трудови е обврска од Законот за меморијални споменици и спомен обележја. Очигледно, во прашање е проект кој задира длабоко во суштината на владината маркетиншка формула, во политички сензитивен период, како што е изборната кампања, на пример, граѓаните да бидат позитивно изненадени со ново велелепно остварување на Владата.

Ова особено е важно ако се има предвид како ќе изгледа новиот лик на централниот скопски плоштад. Според информациите на 'Фокус' од уметници вклучени во изработката на проектите, како и од она што досега е објавено во медиумите, може да се насети дека градителската и споменична сензација што ќе ни ја приреди власта, има длабока идеолошко-политичка нотка, но и дека го потврдува нејзиниот тоталитарен карактер. Со изборот на личностите за повеќето скулптури што има намера да ги постави во градското јадро, нивното реалистично прикажување и нагласувањето на античко-историскиот етно-национален дискурс, Груевски само ја зацврстува својата митолошка филозофија на владеење.

## МЕГА АЛЕКСАНДАР НА БУКЕФАЛ

Јавноста веќе е информирана дека во центарот на плоштадот (наскоро, не се кажува точно кога) треба да биде поставена скулптура на **Александар Македонски** на коњ. Настрана дали изборот на оваа историска личност е среќно решение во моментот кога течат преговорите околу името со Грција што може дополнително да им даде аргументи на нашите јужни соседи. Очигледно, Владата не се откажува од искачувањето на античкиот Олимп за да се крене националниот македонски дух. Па сепак, малкумина знаат дека се предвидува целиот споменик, кој ќе има и мозаик и фонтана, специјално осветлување и пригодна музика, да биде висок фасцинантни 34 метри (!?), што е за неколку метри повеќе од Ристиќевата палата. Потврда за ова не можевме да добиеме официјално, затоа го оставаме со доза на резерва. Уметниците кои работат на дел од скулптурите велат дека од ваквиот МЕГА Александар, кој ќе го покрие целиот плоштад (види слика од нашиот обид за анимација), луѓето ќе треба да почувствуваат стравопочит како од фигурините на **Ким Ил Сунг** во Северна Кореја. Наместо да се чувствуваат пријатно, минувачите крај Аце качен на Букефал ќе бидат обични џуџиња кои ќе треба да се восхитуваат од неговата грандиозност. Сето тоа очигледно треба да регрутира тазе македонска фаланга од новите генерации антички Македонци, спремни да го фатат штитот во рацете за решавачка битка. Само коњаникот, според проектот, треба да биде висок 12 метри, а сето друго ќе биде дел од основата и постаментот на споменикот.

Со планот за поставување на повеќе помали скулптури на познати македонски личности од историјата, кои според правилата на конкурсите исто така треба да бидат прикажани реалистично, власта се обидува да направи компромис со нашето историско минато. На почетокот на Камениот мост, од десната страна треба да биде поставен споменикот на **Гоце Делчев** на коњ висок 3,5 метри. Зад него, на кејот, долу под првите степеници, треба да биде сместена скулптура на византискиот цар **Јустинијан**. Од левата страна на Камениот мост ќе биде споменикот на **Даме Груев**, а зад него, исто така на кејот, ќе најде место споменикот на **Гемиџиите**, славните солунски атентатори.

Паметникот на првиот претседател на АСНОМ, **Методија Андонов - Ченто**, треба да го краси аголот меѓу улицата 'Македонија' ('Маршал Тито') и пешачкиот дел од улицата '11 Октомври'. Овој споменик ќе гледа кон плоштадот, а ќе биде сместен до ресторанот 'Дал мет фу'. Уште еден славен македонски владетел, **Царот Самуил**, ќе добие споменик на аголот меѓу улиците 'Максим Горки' и 'Никола Вапцаров', со лицето свртено кон плоштадот, односно пред кафулето 'Тренд'.

Од другата страна на Камениот мост, која го поврзува плоштадот со чаршијата, непосредно до хотелот 'Стон Бриџ' треба да се скраси скулптурата на **Карпош**. Од спротивната страна, пак, на кејот ќе биде поставен споменикот на **Кирил и Методиј**. Централно, на платото пред црквата Св. Димитрија и пред Министерството за транспорт и врски, најверојатно качен на коњ, во облаците ќе се вивне скулптурата на **Филип Втори** (предвидена е фасцинантна височина од 18 метри!?). Самиот факт што токму скулптурите на Филип Втори и Александар Македонски, кои неодамна добија и автопат и стадион во Македонија, ќе бидат најголеми, е доволен за да се заклучи кому власта му дава предност и значење.

Но, ова не се единствените големи скулптури кои Владата и општина Центар ќе ги поставуваат во централното градско подрачје. Пред Собранието на Република Македонија предвидено е да се постави голем споменик на првиот претседател на Крушевската република **Никола Карев.** На улицата 'Македонија' ('Маршал Тито'), пак, веројатно по угледот на Париз и Букурешт, ќе биде изградена арка налик на **Триумфалната капија!** На нашата анимација (види слика) капијата изгледа прекрасно, но како ќе се



**ПАРИЗ НА ВАРДАР Пешачката зона на ул. Македонија ќе ја краси Триумфална капија**




**ИМПЕРИЈА** Четири лава ќе го бранат мостот Гоце Делчев

вклопи во околината, особено по изградбата на домот музеј на Мајка Тереза, веднаш пред Домот на АРМ, навистина е тешко да се претпостави. Всушност, ако се имаат предвид и градителските проекти и амбиции на Владата, најавената црква на плоштадот, зградата на стариот театар преку мостот, градската куќа налик на стариот Офицерски дом итн., мостот што ќе го поврзува Трговскиот центар со Македонскиот народен театар, за кој од општината за годинава се одвоени 300.000 евра, во центарот на градот ќе се добие вистинска врвулица од објекти од Старо Скопје, антички скулптури и македонски револуционери со кои жив човек тешко ќе може да се размине.

Империјата, се разбира, не ја бива без лавови, па затоа на мостот 'Гоце Делчев', од двете страни ќе бидат поставени скулптури на **четири лава**. Интересно за овој случај е тоа што еден уметник ќе ги изработи двата лава од едната страна на мостот, а на друг уметник му е доверена изработката на двата лава од другата страна на мостот. Тоа што двете страни на поделеното Скопје ќе имаат различни лавови, очигледно е подобро отколку на другата страна од мостот да беа планирани орли!

Но, шегата на страна. Со ова не завршува владината споменична уметничка интервенција во градот. Таа сигурно ќе продолжи и по другите општини, а на плоштадот во скопска Автокоманда, на пример, наскоро треба да биде поставена скулптура на **Филип Втори**, за што веќе е подготвен и поставен постаментот.

Инаку, најголем дел од скулптурите се изработуваат во гипс, а потоа ќе бидат излеани во бронза. Лиењето најверојатно (ќе)

Општина ЦЕНТАР

## НЕ Е ИЗВЕСНО ДАЛИ СПОМЕНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ГОДИНАВА

**ФОКУС:** Колку споменици во текот на оваа година ќе бидат поставени на територијата на општината Центар во склоп на владиниот проект?

Во тек е постапката за изработка на неколку спомен обележја.

**ЦЕНТАР**: Роковите за нивна изработка се од 12 до 36 месеци, така што во 2009 година не е извесно дека некој од спомениците ќе биде поставен.

**ФОКУС**: На кои локации ќе бидат поставени спомениците?

**ЦЕНТАР**: Локациите се определени согласно Деталните урбанистички планови и со соодветни одлуки на Советот на Општина Центар. Сите овие одлуки се објавени во службените гласници на Општина Центар. Истите се достапни за секој заинтересиран во: електронска форма на веб страницата на Општината (**www.opstinacentar.gov.mk**) и во печатена форма во библиотеката на Општината.

**ФОКУС**: За кои споменици станува збор и кој ќе ги изработува?



**Виолета АЛАРОВА** Жал ми е што некому му пречат спомениците

**ЦЕНТАР**: Станува збор за спомен обележја на историски личности од поблиската и подалечната историја. (по факс ви испративме 9 страници текст за ова).

**ФОКУС**: На кој начин се избрани уметниците кои ќе ги изработуваат спомениците, преку тендер или со договор?

**ЦЕНТАР**: Избраните дела се на јавен конкурс согласно правилата на Законот за споменици и спомен обележја. За секој конкурс, односно за секое спомен обележје се формира посебен Одбор составен од 9 стручни лица. Секој одбор го избира Советот на Општина Центар.

**ФОКУС**: На кој начин се финансира изградбата и поставувањето на спомениците – со пари од општинската каса или од централниот буџет?

**ЦЕНТАР**: Изградбата и поставувањето на спомен обележјата се финансира со средства обезбедени од иницијаторот – Министерството за култура.

**ФОКУС**: Какви се ингеренциите на општина Центар во планирањето и подигнувањето на културно историски споменици во Скопје?

**ЦЕНТАР**: Општина Центар има законски овластувања да подига спомен обележја во согласност со Законот за споменици и спомен обележја. Одлуките за нивно подигање ги донесува Советот на Општина Центар.



**ДОАЃА ФИЛИП ВТОРИ** Постаментот во новиот парк во Автокоманда го чека споменикот

се прави во Фиренца иако, како што велат уметниците, тоа таму чини три до четири пати поскапо отколку во Софија, Белград или Загреб, каде најчесто досега и се носеле скулптурите на лиење. За тоа кои уметници (ќе) ги изработуваат спомениците, никој не сака отворено да одговори и институциите си ја префрлаат надлежноста едни на други. Она што се зборува е дека неколку уметници победиле на отворените конкурси. Така, изработката на централната и најголема скулптура на Александар Македонски, двете скулптури на Филип и Триумфалната капија ќе ги работи млада уметничка, велат блиска до власта. Изработката на останатите скулптури во центарот на градот е доверена на уште тројца други автори.

Досега во јавноста за победниците на конкурсите беа објавени многу малку податоци. На пример, се знае дека **Ангел Коруновски**, скулптор од Велес победил на конкурсот за изработка на споменикот на Гемиџиите и добил награда од 400.000 ден. Скулпторот **Војдан Запров**, пак, ја добил исто така првата награда од 400.000 денари на конкурсот за изработка на споменик на Карпош. Но, макетите и ликовите на овие споменици воопшто не се прикажани во јавноста. Изработката на споменикот на гемиџиите, на пример, е една од најинтригантните скулптури за уметниците. Со оглед на тоа што Владата инсистираше на реалистичен пристап во изработката на сите дела, прашање е, велат уметниците, како ќе се прикажат сите гемиџии, бидејќи, како што е познато, само неколкумина од нив имаат портрети кои можат да се најдат во архивите! Прашање е дали на споменикот ќе се прикажат само неколкумина од нив или пак во ова дело уметниците ќе истапат од реалистичкиот концепт кој го наложува Владата?

## СКОПЈЕ КАКО ФИРЕНЦА И ВИЕНА

Идејата на Владата, како што велат дел од уметниците вклучени во проектот, е плоштадот Македонија да биде налик на плоштадите во Фиренца и во Виена. Уметниците се сомневаат дека ставањето на толкав број скулптури за краток временски период ќе му го даде на Скопје изгледот и привлечноста која ја имаат плоштадите во Фиренца и во Виена, каде статуите биле поставувани низ векови. Токму во овој дел се отвара и прашањето околу тоа кој ја имал пресудната улога во изборот, изработката и поставувањето на спомениците и колку чинел целиот проект. Од канцеларијата на градоначалникот **Трифун Костовски** под чија надлежност е плоштадот Македонија, велат дека немаат информации за тоа кои и колку споменици ќе бидат поставени на плоштадот и колку пари за тоа ќе бидат потрошени.

– На сите овие прашања не можам да ви одговорам, затоа што ни градот ниту пак јас како градоначалник не сме информирани за тоа од страна на Општината Центар. Фактот дека Град Скопје воопшто не е информиран за поставувањето на спомениците, дополнително говори за односот кон Градот. Имено, Град Скопје е целосно надлежен за сите активности кои се спроведуваат на градскиот плоштад и не само што треба да биде информиран, туку треба и да даде согласност за нивното поставување. Градскиот центар, урбаното јадро, претставува репрезент на нашата метропола и во никој случај градот не смее да биде заобиколен во креирањето на неговиот изглед. Токму затоа, Град Скопје и даде негативно мислење на општината Центар за ДУП-от Мал Ринг, кое советниците на општината не го испочитуваа, иако се обврзани со закон. За жал, до сега нема конкретни резултати ниту од иницијативата за преиспитување на законитоста поднесена пред шест месеци до Уставниот суд на РМ, ниту пак од Антикорупциската комисија. Согласно Законот за споменици и спомен обележја, Град Скопје и општините во градот се надлежни за подигнување и за одржување на споменици за личности и настани кои имаат локално значење. За монументални споменици со национално и наднационално значење надлежна е централната власт. Како и за бранењето на интегритетот на плоштадот со сите правни средства, така и во случајот со спроведувањето на овој Закон, останувам на страната на законот. Дали Даме Груев и Гоце Делчев се личности од историско значење за општината Центар, тоа јавноста треба да го процени, вели градоначалникот **Трифун Костовски**.

Во Општината Центар официјално ни одговараат со бирократски јазик (види рамка), упатувајќи не на одлуките на Советот на општината за секој споменик поединечно. Факт е дека такви одлуки постојат, но тие само ги откриваат личностите за кои ќе се градат споменици, а одлуките на конкурсните комисии, информациите за парите кои ќе се потрошат за нивната изработка и лиење, не може да се најдат никаде.

Во конкурсните комисии на Општина Центар, пак, од каде што не сакаат да зборуваат за деталите, најчесто како надворешни членови се јавуваат **Паско Кузман**, директор на Управата за заштита на културното наследство, **Зоран Тодоровски**, директор на Архивот на Република Македонија и академските скулптори **Гоце Наневски** и **Васил Василев**.

Директорот на Архивот Зоран Тодоровски за ФОКУС вели дека скулпторите биле надлежни за уметничкиот избор на понудените решенија на конкурсите, а дека

**Акција**

## ДЕСЕТИЦИ МАЛИ СКУЛПТУРИ НИЗ ГРАДОТ

Паралелно со големите скулптури кои ќе бидат поставени во центарот на градот, во рамките на владиниот проект е планирано да се постават и повеќе од 60 мали скулптури изработени од млади уметници. Првите скулптури, според најавите на Министерството за култура, ќе се постават веќе в недела. Делата на уметниците меѓу кои Томе Аџиевски, Грозданка Каникова, Антони Мазневски и Дамјан Ѓуров ќе бидат поставени на неколку локации во Скопје. Според проектот на Владата, на кејот '13 Ноември' во близина на поштата ќе биде поставена монументалната скуптура '**Дрво**' на Дамјан Ѓуров. Скулптурата што е изработена од бронза и мермер е висока шест метри. Пред киното Култура ќе биде поставена бронзената скулптура '**Мачка**' на Томе Аџиевски. Скулптурата треба да биде поставена на рустикален мермер висок три метри и мермерна топка со дијаметар од 120 сантиметри. На 'Рекорд' ќе биде поставена 12 метарската бронзена склуптура '**Девојче**' од Грозданка Каникова. Двете дела на Димитар Филиповски ќе бидат поставени на плоштадот Македонија и пред хотелот 'Турист'. Бронзената скулптура '**Вљубени**' висока 2,5 метри ќе биде поставена кај плоштадот 'Македонија' пред идната Градска кука. Второто дело '**Шмизла**', бронзена скулптура висока два метри ќе биде поставено на улицата 'Македонија' пред хотелот 'Турист'. Во паркот пред киното 'Култура' ќе биде поставена скулптурата '**Космоинтеграла - 2008**' што е композиција од три дела изработена од Антони Мазневски.



**Елизабета Канчевска МИЛЕВСКА** Молк од Министерството за култура

Во рамките на владиниот проект за 'облагородување на метрополата' наскоро се планира да бидат поставени и скулптурите на Томе Аџиевски, Благоја Чушков, Златан Трајков, Искра Димитрова, Синиша Новевски, Ристе Станков и уште десетина уметници кои се јавиле на конкурсот распишан од Владата на кој од 51 пријавен уметник, биле избрани 28 автори. За изработка на овие дела се издвоени 45 милиони денари, а проектот треба да заврши до крајот на годинава. Инаку понудените дела ги избрало стручно жири на чело со архитеткот Митко Хаџи Пулја. Авторите на конкурсот можеле да понудат најмногу по три дела, а авторскиот хонорар изнесувал 30.000 денари. Министерството за култура според пропозициите треба да го плати или да го обезбеди материјалот од кој ќе бидат изработени скулптурите, Целата на проектот, како што во неколку наврати изјави министерката за култура Елизабета Канческа Милевска е да се разубави градот и тој да стане вистинска метропола.

ниту тој, ниту другите членови на комисијата, немаат информации за средствата што ќе се потрошат за изработка на спомениците. За тоа, вели, надлежни се во општина Центар. Претседавачот на Советот на општина Центар, **Владимир Здравев,** кој важи за градоначалник во сенка и за кого се вели дека неформално ги контролира владините средства за изработка на спомениците, за ФОКУС не сакаше да зборува на оваа тема, од причини што, како што ни беше речено, тој немал надлежност, туку градоначалничката **Виолета Аларова**.

Градоначалничката Аларова минатата недела за 'Утрински весник', на оваа тема меѓу другото ќе изјави:

'Изградбата на споменици, лично за мене, е голема чест, бидејќи сметам дека треба да се оддолжиме на минатото и на луѓето кои ја создадоа оваа македонска држава. Тоа се заеднички проекти со Министерството за култура и, според мене, ќе дадат нов лик на центарот, ќе го хуманизираат просторот. Жал ми е што некому му пречат овие нови зафати. Но, како човек од културата секогаш стојам зад проектите со културно-историска вредност и кои таа вредност и ја даруваат на општина Центар. Јас сум сигурна дека иднината ќе покаже дека сме во право... '

Во Министерството за култура, кое на општината и донираше 9 милиони евра за спомениците, исто така не сакаат да зборуваат за деталите околу ова масовно преуредување на градскиот плоштад. Како што сме информирани, деновиве Министерството треба да ја објави програмата за работа во тековната 2009 г. во која се содржани и активностите за изградба на спомениците и другите архитектонски градби во Скопје. Портпаролот на Министерството само бирократски ни ја пренесе пораката дека Општина Центар согласно законот била надлежна за поставување споменици во централното градско подрачје, а дека Министерството само давало иницијативи. Ниту збор повеќе. И така, кругот полека се затвора.

## УМЕТНИЦИТЕ ПРЕДУПРЕДУВААТ

Кога станува збор за оценување на владиниот проект за поставување на спомениците, уметниците се воздржани во коментарите. Генерално кај нив постои сомневање во концептот кој го наметнува Владата во смисла на тоа дали реалистичниот пристап е најдобар кога станува збор за изработката на скулптурите. Уметноста, велат, е одраз на времето во кое таа се создава, а не на времето кое минало. Друг проблем кој го посочуваат е количината на скулптурите кои се порачани и кои ќе се направат и ќе се сместат на релативно мал простор. Идејата на полни плоштади, велат, не е спорна и таа е застапена во многу европски метрополи. Но, работата е во тоа што сите тие дела се создавани низ историјата и во рамките на некаков уметнички правец кој бил карактеристичен за тој период и скулптурите постепено низ времето биле прифатени и од просторот и од луѓето. Поставувањето на сите тие дела за мал временски период е нешто што никаде до сега не било направено.

– Факт е дека во Скопје и во земјава со години, можеби и со векови ништо не се правело, добро е што за многу млади уметници ќе се отвори работа, но прашање е дали се може да се надомести за една година, објаснуваат уметниците.

Друг проблем кој го посочуваат е просторното решение на скулптурите, особено на централната фигура на Александар Македонски.

– Скулптурата секогаш треба да е во хармонија со околината, со просторот кој ја опкружува. Таа не треба да биде повисока од објектите кои се околу неа, ниту пак премала за да се изгуби во просторот, велат скулпторите.

**Петар Хаџи Бошков,** еден од доајените на македонското вајарство и творец на идејното решение за Фонтаната која во времето на градоначалникот **Ристо Пенов** требаше да биде поставена во центарот на плоштадот, не сакаше да ги коментира конкретно делата кои се предвидени да се постават во центарот на Скопје. Вели дека е неблагодарно да се зборува за дела пред тие да се појават и да се поставаат во просторот. Сепак, неговото генерално мислење за целиот концепт не се разликува многу од мислењето на останатите уметници. Хаџи Бошков за ФОКУС вели:

– Секако дека идејата за поставување скулптури во јавен простор е добра и е за поздравување. Не сум видел ниту едно решение и не би можел да коментирам. Ова беше шанса авторите да ја изразат својата креативност и се надевам дека има добри решенија. По малку се плашам дека реализацијата има кампањски карактер, со оглед на бројот на делата и на временскиот рок. Мислам дека е потребен постудиозен пристап, зашто се работи за јавен простор и со претпоставка за нивниот јавен карактер. Јас лично се заложувам за современи решенија во областа на визуелната уметност, што ќе говорат со јазикот на овој век. Тие треба да бидат одраз на времето во кое живееме и го опсервираме. Во светот има толку добри решенија и тие треба да се погледнат. Мислам дека не можеме, а и не треба да го надоместуваме претходното време во кое се користеше одреден реалистичен манир во уметноста. Ова го кажувам поради тоа што прочитав, ако е точно, дека ќе се поставуваат лавови на еден од мостовите. Мое мислење е дека еден анахрон пристап не и' е потребен на нашата уметност. Што се однесува за мојот став за уредување на плоштадот, тоа го кажав со мојот проект за Фонтаната од 2004 година, кој ви е познат. Со сликарот Кондовски направивме проект во кој се вклопуваат историјата и културата на Македонија, со современ израз. Со столбот скулптура, сакав Македонија да дише и да живее слободно во просторот. Се предвидувше од столбот да се излева вода, како извор на животот, вели Хаџи Бошков.



**Петар ХАЏИ БОШКОВ**
**Реализмот му припаѓа на друго време**

Неговата скулптура 'Обелиск' работена заедно со уметникот **Димитар Кондовски** била наградена во 1976 година на конкурс организиран во поранешна Југославија. Според нивниот проект, фонтаната требаше да се состои од два обединувачки елементи, хоризонтален круг во основата и вертикален обелиск. Според идејата на Хаџи Биошков и Кондовски, фонтаната требаше да изобилува со македонски обележја, особено во кругот со вода во кој ќе бидат мозаиците на Кондовски со мотиви од македонската историја. Обелискот требаше да биде висок осум метри и изработен од бронза додека основата на фонтаната беше предвидено да биде широка од 25 до 27 метри и во неа да има неколку водоскоци. Под површината на водата требаше да бидат претставени 12 мозаични кругови со 12 македонски сонца. Беше предвидено сонцата во мозаик да ги изведе **Рубенс Корубин** заедно со останатите апликации од другите разработки на Кондовски кои ќе бидат во подножјето на фонтаната. Аплицираните кружни елементи под површината на водата, според авторите, го означуваа богатството на разновојните традиции во Македонија, а обелискот во средината на кругот го симболизира сончевиот зрак.

Според авторот Хаџи Бошков, ова дело требаше да биде фонтана на животот, синтеза на современото и традиционалното споени во еден објект. **Зоран Тониќ,** главниот градски архитект во времето на Ристо Пенов своевремено изјави дека ова треба да биде еден од најголемите и најкомплексни објекти од ваков тип на овие простори. Во 2004 година градските власти најавија дека проектот ќе почне да се гради таа есен. Потоа се појавија проблеми со авторските права на Кондовски и беше потребна посебна дозвола од Министерството за финансии за да се заобиколи постапката за јавни набавки и проектот да се изведе со непосредна спогодба со Хаџи Бошков и со наследниците на Кондовски, па проектот се одложи за наредната година. Во 2006 година новиот градоначалник Трифун Костовски дефинитивно стави крај на проектот со фонтаната со изговор дека нема доволно пари во градскиот буџет. Проектот беше одложен за наредната година. Јасно беше нагласено дека градските власти размислуваат за нов конкурс за уредување на гарадскиот плоштад. Сево ова стави крај на проектот за изградба на фонтаната на Хаџи Бошков и Кондовски иако до тој период макетата беше комплетно изработена и потребно беше делото да се испрати на лиење. Во наредниот период Градската управа распиша неколку конкурси за уредување на плоштадот и на крајот во координација со Владата беше избран проектот за изградба на спомеников на Александар Македонски.

Очекувајќи го славниот коњаник за кој се шпекулира дека е веќе излеан во Фиренца, нам ни останува да се надеваме дека скопскиот плоштад сепак нема да биде арена каде што власта ќе ги добива историските и политичките битки во годините што следат. Но, како наследство, по нејзиното заминување, секако ќе ни остане архитектонската и споменична интервенција во просторот. Убава или грда, со неа ќе мораме да живееме, зашто споменици рушат само варварите. Па дури ниту онакви што ги изградиле други варвари.